**20081382721**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 75 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2008) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 22 јули 2008 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОДДЕЛНО ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ДОБРОВОЛНИОТ И ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД УПРАВУВАНИ ОД ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ И ДОБРОВОЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ КАКО И МЕРКИТЕ ПОТРЕБНИ ЗА ФИНАНСИСКО ОДДЕЛУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ОД ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на одделно водење на евиденцијата за доброволниот и за задолжителниот пензиски фонд управувани од друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: друштво), како и мерките потребни за финансиско одделување на задолжителниот од доброволниот пензиски фонд.

Член 2

Друштвото ги води одделно за задолжителниот и одделно за доброволниот пензиски фонд евиденциите за:

а) членови;
б) пренос на средства при премин на членови;
в) уплати на придонеси;
г) сметководство;
д) индивидуални сметки;
ѓ) инвестирање на средства;
е) пензиски надомест; и
ж) други евиденции кои се однесуваат на пензискиот фонд.

Член 3

Евиденциите од член 2 од овој правилник друштвото ги води на електронски начин преку својот информациски систем.

Член 4

Друштвото одделно ги води и архивира договорите за членство во задолжителен пензиски фонд и договорите за членство во доброволен пензиски фонд.

Член 5

(1) Друштвото треба да обезбеди внатрешна организација која ќе овозможи автономно управување на портфолијата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд и која ќе создаде услови за одбегнување на судир на интереси при инвестирањето на средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд.

(2) Заради финансиско одделување на задолжителниот од доброволниот пензиски фонд, друштвото ги презема следните мерки:

а) донесување на одделни одлуки за инвестирање на средствата на пензиските фондови;

б) одделно спроведување, извршување и евидентирање на налозите за купување и продавање на хартии од вредност;

в) изготвување интерни процедури со кои се обезбедува одделно донесување, спроведување, извршување и евидентирање на одлуките за инвестирање на средствата на пензиските фондови и одделно евидентирање на налозите и извештаите за извршените трансакции;

г) обезбедување редовни интерни контроли на спроведувањето на интерните процедури од точка в) од овој член.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-1164/9
22 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Анета Димовска**, с.р.